**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-249/6**

**Скопје, 26.06.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерство за образование и наука - Сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2005 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука за 2003 годинаи и е дадено негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Азиз Положани, Министер

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03.2006 до 26.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Танка Блажевска, Помошник ГДР и Овластен државен ревизор;
   - Лилјана Попчева, Виш ревизор;
   - Сашко Геразов, Ревизор;
   - Милан Ракиќ, Ревизор;
   - Марина Величковска, Ревизор за легислатива;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 15.06.2006 година со писмо број 1104-249/4 примени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Забелешките по точките 10.1.1., 10.1.2. и 10.2.1 кои претставуваат известување за превземени мерки и планирани активности во наредниот период, не се прифакаат како забелешки на утврдените состојби во Претходниот извештај. Истите се предмет на посебна постапка регулирана со Законот за државна ревизија согласно кој Државниот завод за ревиаија треба да се извести за сите превземени мерки во рок од 90 дена по издадениот Конечен извештај .

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Во Министерството за образование и наука приходите од продажба на тендерска документација се наплатуваат во готово од страна на лица кои што според актот за систематизација не се овластени да ракуваат со парични средства за што е изготвуван документ (каса прими) без број и без потпис на лицето кое што ги примило парите и истите не се редовно уплатувани на сметката на Министерството истиот ден, односно наредниот ден, согласно Законот за платен промет. Наплатата на приходите во готово овозможува неовластени лица да располагаат со готовина и отвора можности за измами и злоупотреби.

11.1.2. Министерството за образование и наука поседува акции во Комерцијална банка АД Скопје, во вкупен износ од 5.819 илјади денари, според изводот од Централниот депозитар за хартии од вредност со состојба на 31.12.2005 година кои не се евидентирани во сметководствената евиденцијана на министерството. Во текот на 2005 година остварени се приходи од дивиденда за 2004 година во износ од 1.238 илјади денари, по основ на други акции во Тетовска банка АД Тетово во номинална вредност од 14.985 илјади денари кои исто така не се прикажани во сметководствената евиденција. Според изјавите на одговорните лица овии акции се продадени

од страна на Министерството за финанасии, што за истото на ревизијата не и беше презентиран документ. Неевидентирањето на акциите има за ефект нереално и необјективно прикажување на соодветните позиции од активата и пасивата во Билансот на состојбата.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за образование и наука да ја напушти праксата на наплата на приходите во готово, односно во отворениот повик за јавна набавка покрај висината на надоместокот за тендерска документација да стои и бројот на жиро сметката на која заинтересираните понудувачи ќе ја извршат уплатата.
2. Да се изврши евидентирање на вредноста на акциите со кои што располага Министерството врз основа на известувањето од Централниот депозитар за хартии од вредност.

11.2. **Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

11.2.1. Министерството за образование и наука не извршило проценување на билансните позиции според основното сметководствено начело на парично искажување, како резултат на евидентирање на расходи за кои што не се извршени плаќања во тековната година, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба има за ефект преценување на расходите и потценување на активните временски разграничувања и обврските спрема добавувачите на ден 31.12.2005 година за износ од 152 иљади денари.

**Препораки и мерки:**

1. Да се обезбеди доследна примена на Законот за сметководството за буџети и буџетски корисници односно признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи да се спроведува според сметководственото начело на парично искажување .

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.3.1. Ревизијата утврди дека од ставката Договорни услуги неосновано се исплатени средства во износ од 3.024 иљади денари, што има за ефект ненаменско, нерационално и неекономично трошење на средства, спротивно на Законот за извршување на буџетот за 2005 година и тоа во следните случаи:

- извршени се исплати на вработени лица од Министерството во износ од 1.258 иљади денари за работа во Стручната комисија за верификација на високообразовни квалификации или дел од високообразовни студии стекнати во Р.Бугарија, Р.Албанија и Р.Турција , од кои што 527 иљади денари се исплати за пет лица кои според актот за систематизација се распоредени во Одделението за нормативно-правни работи и нострификација во високото образование со информативен центар;
- исплатени се 343 иљади денари на Министерот за верификација на високообразовни квалификации или дел од високообразовни студии стекнати во Р.Бугарија, Р.Албанија и Р.Турција иако не е член на Комисијата .
- исплата на средства во износ од 597 иљади денари на лица по договори за дело во кои што не е дефиниран основот за ангажирање спротивно на Законот за облигациони односи и ангажирање на лица по договор за

дело на работни места кои се утврдени во актот за систематизација и подразбираат континуирано вршење на работи и задачи, а не вршење на повремени задачи и тоа како раководители на сектори и директор на државниот просветен инспекторат ;

- исплата на надомест на членовите на Комисијата за јавни набавки во износ од 615 илјада денари иако Законот за јавни набавки не предвидува надомест за работата на Комисијата .
- исплата на надоместоци во износ од 164 илјади денари за работата на Комисијата за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот на патиштата и изработка на тестови за возачи што треба да биде предмет на исплата од сметката за приходи наплатени од органи.

11.3.2. При ревизијата на постапките и процедурите од аспект на примена на Законот за јавни набавки ревизијата утврди дека истите не се испочитувани за набавки во вкупен износ од 606 илјади денари во следните случаи:

- Сервисирање на возила во износ од 103 илјади денари
- Обезбедување на објекти во износ од 94 илјади денари
- Реновирање на простории во износ од 182 илјади денари
- Набавка на канцелариски мебел и опрема во износ од 227 илјади денари

Овие набавки се реализирани без спроведена постапка, што подразбира донесување на решение за потребата од набавка, утврдување на видот на постапката и решение за избор. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветни постапки предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства, набавки по повисоки цени, необезбедување на јавност, транспарентност и фер конкуренција меѓу добавувачите

**Препораки и мерки:**

1. Министерот на Министерството за образование и наука да преземе соодветни мерки да се напушти праксата на исплата на надоместоци на вработените по основ на ангажирање во разни комисии особено на лицата кои што според опис и попис на работни задачи во согласност со актот за систематизација се задолжени да ги извршуваат тие активности, односно да воведе евиденција на одработените прекувремени часови како основ за исплата на средства за дополнително ангажирање на вработените во согласност со Законот за државни службеници.
2. Да се обезбеди спроведување на постапки за избор на најповолен добавувач во согласност со Законот за јавни набавки и за набавките на услуги и истите да се вршат преку Комисијата за јавни набавки.

12. Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 11.1.2. е нереално и необјективно прикажување на позициите Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства и Државен јавен капитал поради неевидентирани хартии од вредност, во точката 11.2.1 е нереално и необјективно прикажување на позициите – Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски спрема добавувачите во Билансот на состојба и во точката 11.3 ненеменско и незаконско користење на средства во износ од 3.630 илјади денари .

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.2. и 11.2.1 финансиските извештаи, не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за образование и наука на ден 31 Декември.2005 година, согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.3 кај Министерството за образование и наука не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

15. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2003 година.**

    1. Министерството за образование и наука постапило по препораките дадени во извештајот за извршената ревизија за 2003 година, а кои се однесуваат на изготвување на акт за работа на стручната комисија за верификација на високообразовни квалификации или дел од високообразовните студии стекнати во Р.Бугарија, Р.Албанија и Р. Турција како и за висината на надоместокот за нострификација;, додека за наодите утврдени во точките од 11.1.2 и 11.3 од овој Извештај кои се констатирани и во ревизорскиот извештај за 2003 година не се превземени мерки од страна на субјектот.

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

**Скопје, 26.06.2006 година**

__________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 8.451 | 6.492 |
| Трансфери и донации | 77 | 340 |
| **Вкупно приходи** | **8.528** | **6.832** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 6.301 | 5.957 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 857 |
| **Вкупно тековни расходи** | **6.301** | **6.814** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2.227 | 18 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2.227** | **18** |
| **Вкупно расходи** | **8.528** | **6.832** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 152 | 257 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 9 | 159 |
| **Вкупно тековни средства** | **161** | **416** |
| **Вкупна актива** | **161** | **416** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 161 | 416 |
| **Вкупно тековни обврски** | **161** | **416** |
| **Вкупна пасива** | **161** | **416** |